176.5(497.7:=214.58)-027.511

**Инес Црвенковска Ристеска** (Северна Македонија)
**Институт за етнологија и антропологија**
**Природно-математички факултет**
**Универзитет „Св.Кирил и Методиј“, Скопје**
**е-пошта: ines.crvenkovska@pmf.ukim.mk**

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА ЕКОНОМИИТЕ СО СЕКСОТ ПО ПРИМЕРИ ОД РОМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО СКОПЈЕ

**Апстракт**: Глобализацијата на пазарите со сексуални услуги во светот придонесува за глобализација на сексуалниот пазар во ромската заедница во Скопје. Примерот со петте соговорници во истражувањето во период од девет години го покажува токму тоа. Поголем дел од сексуалните работници се иселени во Белгија и Франција, а оние што работат во Скопје ја реализираат својата работа по европски терк.

**Клучни зборови**: глобализација, ромска заедница, стереотипи, насилство.

## Локална глобализација и глобална локализација

Во текот на моите истражувања поврзани со сексуалната сцена во Македонија во период од девет години, се наметна уште една интересна дискусија што, всушност, им дава една нова димензија што ги обединува сите претходни мои дискусии за сексуалноста и нејзината примена за економски цели. Тоа е дискусијата за местото на локалниот економски систем во ромската заедница во Скопје во рамките на европските и светските индустрии на сексот, во контекст на тоа како „…глобализацијата и интензивираните индустрии на желбата претставуваат процес на реартикулација на релациите меѓу личните, локалните, институционалните интереси и светската економија“ (Agathangelou 2004: x). Во контекст на таа мисла, сексуалните работнички што работат *во* заедницата и оние што потекнуваат *од* ромската заедница во Скопје и како мигранти или туристи „работат“ на италијанските „отворени“ сцени во 2013 година, и во Белгија и Франција денес, се интересен пример.

Во оваа смисла ќе се повикаме на авторот Денис Алтман (Dennis Altman), кој целиот свој истражувачки опус го посветил на глобалистичките процеси и, кога зборува за „политичка економија“ (Altman 2001: 34), дискутира „за сексуалноста во контекст на пошироките социоекономски фактори што создаваат услови во кои се

случуваат сексуални дејства и идентитети", а како фактори ги набројува економските, културните, политичките, а, како што предлага тој, и епистемолошките, „како посебни начини на разбирање на човечките суштества и светови, кои прават да се распрснати на глобално ниво".

**„Да се биде среден"**

Групата од 5 соработници во ова истражување, сексуални работници од ромската заедница од Скопје, работат во Скопје на ромската сцена и на сцените на кои се продаваат сексуални услуги во европските држави. Од почетокот на истражувањето во 2013 година овие соработници својата работа ја реализираа во Шуто Оризари во Скопје, додека во моментот на изработката на овој текст во 2022 година, од нив, двајца се со престој во Белгија, еден сексуален работник е во Франција и двајца се во Скопје. Уште на самиот почеток на истражувањето, како важен аспект во личната идентификација како сексуални работници, ја нагласуваа идејата „да се биде среден", што претставува категорија на добросостојба што сакаат да ја постигнат надвор од ромската заедница во Скопје. Оваа категорија на добросостојба опфаќа повеќе аспекти, од кои се клучни економската стабилност со обезбедување лична материјална сопственост (и на нивните семејства) и нивното полово/родово реализирање како жени, кои „слободно" можат да живеат и да работат сексуална работа за да го реализираат економскиот аспект. Европските држави, во последниот период скандинавските држави, според нив, како високо демократски општества, се тие што можат да го обезбедат тоа за нив. Затоа и се иселуваат таму, како во случајот со моите тројца соработници што во период од 6 години успеале да се иселат во Белгија и Франција.

Уште во XIX век Маркс напишал дека глобализацијата започнала со одвојување на производителите од средствата за производство, кога работникот се одвоил и се оддалечил од неговата „производствена дејност" (Marx 1988: 73; Agathangelou 2004: 6). Во примерот на нашите соработници, ова негово гледање може да помогне во смисла на тоа да разбереме зошто некои „сексуални работници", огледувајќи се на *сестрите* на привремена работа во странство, водејќи се од потрошувачките потреби на европските пазари, мигрираат или патуваат како туристи и таму го приспособуваат „локалното производство" за локалните потреби во ромската заедница, на европскиот пазар, со цел да произведуваат „европски" производ и да го продаваат *на страда* – „на автопат" во Италија или, по 2016 година, во Белгија, Франција и во други европски држави. Ваквото иселување доведува до тоа да се соочат со нов идентитет, каде што мигрантноста е важен фактор во самоидентификацијата.

Според авторката Лаура Марија Агуштин (Laura María Agustín), „мигрантноста е привремен идентитет, што упатува на периодот кога поединците се во транзит. Најчесто се претпоставува дека мигрантите се иселуваат од нивната држава со интенција да се населат во друга, но истражувањата покажале дека оние за кои се

мисли дека ја напуштаат земјата поради добра, се враќаат, а другите никогаш не гледаат на нивното патување поинаку освен како на привремено, без разлика колку долго трае. Некои, пак, што се иселиле постојано, се чувствуваат како искоренети, што покажува дека физичката локација, па дури и правниот статус не се индикатори за идентитет на мигрант“ (Agustín 2007: 10). Ова е особено важно ако се знае дека овие мигранти не ги продаваат своите куќи, туку ги отстапуваат на нивните семејства да живеат во периодот додека се „горе“, како што е случајот со С., или ги користат во периодите кога се враќаат во ромската заедница во Скопје за да поминат одредено време во „одмор“ и „уживање“ со своите блиски *сестри* и пријатели. Таков е примерот со тројцата „блиски“ на моите соговорници што се од повозрасната генерација *сестри*, „сексуални работнички“, едниот од нив, Н., односно С., која на италијанскиот пазар на труд работи 15 години. Другиот пример е со П., кој како турист почнал да работи на италијанскиот пазар на труд пред неполн месец пред да го водиме разговорот во 2013 година, со неговата блиска *сестра* Е., мој соработник.

> *Л.: Има уште... уште три. Исто што се во Италија, што доаѓаат летно време тука на одмор. Што се од тука, од Македонија, но живеат во Италија. И работат во Италија сексуална работа... И.: А, тука работат? Л.: Не, тука доаѓаат, одмараат само. Доаѓаат тука, на пример, на десет, петнаесет дена одмараат, после тоа пак си одат таму* (VN850124, 2013).

Овие примери на двете иселени сексуални работнички и начинот како стигнале да работат таму каде што работат потврдува дека „комбинацијата патување и работа е можеби хибридната форма на туризам, и укажува на тоа дека претпоставените спротивности меѓу она што значи одмор и она што значи работа се непотребни“ (Agustín 2007: 15, 17). На тоа се надоврзува и заклучокот на Агуштин дека „миграцијата може да се опише како предизвик поттикнат од желбата за поголеми пари, (...) од бегство од насилство (...) и од феминизација на сиромаштијата“.

Соговорникот Л., во разговорот од 2013 година, за сите негови блиски соработнички што работат во Италија зборува во множина, што потврдува дека „поминуваат низ идентичен процес (...): ја напуштаат државата и сакаат да заработат пари за да преживеат“ (Agustín 2007: 10). Иако овие соработнички не беа наши соговорници, а тоа и не беше нашата цел во ова истражување, нашата идеја беше преку наративите на петте наши соговорници, кои се нивни блиски *сестри* што живеат во Македонија, да дознаеме како тие ја доживуваат сексуалната работа на двете нивни повозрасни *сестри*: едниот како мигрант, а другиот како турист во Италија, и како тоа непосредно влијае, преку системот на *блиските сестри* однатре, да се трансформира локалната пазарно организирана сексуална работа на *сестрите* во и надвор од ромската заедница во Скопје. Имено, тука се отвора прашањето како *сестрите* што успеале „да се средат“ станале пример за тоа во која насока треба да се трансформира сексуалната работа кај *сестрите* во ромската заедница во Скопје, па и во Македонија. Ако се гледа од денешна перспектива во која насока се

трансформирала нивната сексуална работа, и дали и како се реализирала нивната идеја „да се средат“, може да се види дека она што го предвидуваа во периодот 2013/2014 година од нивна страна е веќе реализирано, во смисла дека тие се иселиле „горе“ и го реализирале првиот чекор. Според информациите од соработниците, нивниот живот „горе“ се одвива во една соба под кирија во која живеат со средствата добиени од социјалната помош од државата во која живеат и од сексуалната работа.

Информации за тоа како практично се споделува искуството и знаењето од европските пазари за секс, и со тоа се врши влијание врз ромската сцена во смисла на тоа да се глобализираат одредени нејзини параметри, среќаваме во примерите дадени од соговорниците во 2013 година, каде што зборуваат за тоа како нивната *сестра* С., која работи на пазарот за секс во Италија, во текот на летниот период се враќа во неговата куќа во Шуто Оризари за да го помине својот летен „одмор“, каде што со другите *сестри* од Шутка го споделуваат своето „заедништво“ и учат за сексуалната работа во европските земји. Така, во еден период заедно отвораат *штаб* што се определува како простор за давање сексуални услуги, а остатокот од времето го поминуваат во разговори и „уживање“. Соработката во ваквиот *штаб*, помладите *сестри* ја искористуваат како можност да споделат знаење и вештини и да „научат“ од *постарите* за нивните искуства за да применат одредени практики и на скопската и на помалите локални сцени во Македонија. На ваков начин овие искусни *сестри* влијаат врз помладите да го изградат „идеалниот“ концепт чуен во наративите од соговорниците од 2013 година, за потоа да планираат да го следат нивниот пример, на *постарите* или *старите сестри*, и да мигрираат за да работат на пазарите за секс во Италија. Тоа го потврдува фактот дека, со влијанието што поттикнува „сексуалните работнички“ најпрво да размислуваат како *homo economicus*, а потоа и да станат мигранти што „ги следат пазарните сили за подобра алокација на ресурсите околу даден економски простор“ (Agathangelou 2004: 9), всушност, се реализираат глобалистичките процеси во ромската заедница во Скопје. Во оваа насока, овие „сексуални работнички“ како мигранти стануваат дел од „глобалниот европски“ пазар што се дефинира на италијанските сцени, или стануваат дел од глобализираната македонска пазарно организирана сексуална работа што се дефинира на „отворената“ и „затворената“ сцена во ромската заедница во Скопје, но во духот на европските сцени. Значи, овој пример кога сексуалните работници имаат намера во иднина *да се средат* по примерот на своите *сестри* во странство се мултиплицира во сите примери на соговорниците, со исклучок на соработникот Л. Во неговиот пример, Л. имал искуство со сексуална работа во Цирих, Швајцарија, но тоа го направил самостојно, односно немал поддршка од неговите *сестри* и пријатели за таа „сцена“, па по кратко време се вратил и неговата сексуална работа ја продолжил во Македонија, заедно со неговите *блиски сестри*. Неговото враќање во Скопје тој го оправдува со потребата од родителите, семејството, пријателите, што укажува на тоа дека причините за неговата миграција, како и одењето на П. во странство како турист, „не треба да бидат редуцирани само на економиите“ (Agustín 2007: 25), иако мигрирањето поради работа е една од пресудните причини.

Како во наративите изгледа нивниот „идеален“ живот може да се види од реализираната идеја на *блиските сестри* С. и П., кои мигрирале за да работат како „жени“ на „сцените“ во Италија пред и во 2013 година. Значи, колку што за моите соговорници е заедничко тоа што работат сексуална работа како „жени“, толку заедничка е и идејата што подразбира општествено-економската реализација на личноста, „да се биде среден“.

*И.: ...го користите зборот „да се средам“. Шо значи тоа? С.: Значи, тоа сакав да ти го кажам. Значи, ние сопствени куќи си имаме, значи тука. Ама за слобода значи, не сме слободни заради пример фамилијата, брат, пример тој има брат, внуци, снаа, ме разбираш? Ете, додека кај мене деца, ова-она, значи лично свое сопствено да го имаме во друга земја, ме разбираш, во друг град, значи лично наше, да нема начи никој, сопствено наше. Значи, тоа сака да ти го каже, да сум среден... Лично твое да го имаш, без никој друг да има, ме разбираш, значи тоа е наша желба. И не само негова, моја, и на другите. Н.: И на други... С.: И на другите. И.: А зошто секогаш мора да биди странство тоа? Некаде на друго место? С.: Значи странството тој е... заради околината, за озборување, значи... таму е подрукшие луѓево, мислам народот, нè прифаќат значи, сè заради тоа... значи заради слобода. И.: Слобода на шо? Каква слобода имаш ако си...? С.: Мир наоколо, значи ќе искачаш ка... ако се облекаш како женско, значи ние си имаме тоа хоб... тој, значи се чувствуваме како жени, и сакаме да се облечеме како жени. Значи ако испаднеш како жена, нема од други луѓе коментари, ова-она префрлување, ме разбираш, уште ќе ти „здраво“... ме разбираш, значи ние си сакаме мирен живот, добар живот значи. Н.: Не мора да биде богат, скромен... И.: Така, ама добро, таму ќе бидат и децата ваши, еве на пример твои* (од соговорникот С.). *Ќе можиш да излезиш така пред нив? С.: Значи јас ако планирам да си го средам... како шо вика, живото за у сранство, да си го живеам мојот живот, децата ќе си бидат, значи тука. Значи у Македонија ќе опстанат, ме разбираш, а нема да ги водам со мене да ми го гледат животот како јас го минам таму, како го живеам животот... И.: А со кого би ги оставил дечињата тука? С.: Значи, тоа не планирам засега... И.: Ааа, не планираш... С.: Е... значи сè уште се мали, значи тоа го планирам за понатака за кога ќе се омажат, синот, ќеркиве, кога ќе си имат свој дом, ... сето тоа, и тек тогаш јас планирам, значи сварно планирам да си го живеам мојот живот како шо го сакам јас. Значи тоа ми е сонот. Н.: Тоа е идната желба, тоа е желбата за тебе, зато што ти сакаш да живеејш со тој постојан партнер, или „дечко“, значи со него да легнуваш, со него да стануваш...* (VN850122, 2013).

Претставата „да се биде среден“ опфаќа и неколку интересни аспекти од себството што се во релација со половиот/родовиот идентитет на соговорниците, кои се во контекст на економската моќ што треба да ја стекнат низ призмата на личната

сопственост во странство и доживувањето на личната слобода, која соговорникот во примерот погоре ја доживува како нешто спротивно од начинот на кој живеат до моментот. Некои од нив ваквиот општествено-економски статус би го искористиле да пренесат дел од нивниот иден живот и во градот Скопје. Особено интересен во овој поглед е соговорникот Н., кој не го крие својот „геј"-идентитет од семејството од „крвни" сродници, браќа и сестри, а сепак, интересно, во таа претстава гради локална топографија во која себеси се гледа надвор од ромската заедница, каде што ќе може да ја живее својата „слобода".

> *Н.: ...али битно кога пример ја* ***би се средил странство****, значи имаш пара,* ***си купуваш тука низ градот****, на пример Аеродром, Влае, без разлика кај, купиш стан, значи, ќе си живееш, ќе си го поминеш животот, срекно, да си слободен, значи да стануваш со тој човек, да легнуваш, значи да имаш другар, да чекаш, не само геј... екстра да има некој другари, да ги дочекаш. Тоа е она слободен живот на пример...* (VN850121, 2013).

За разлика од Н., кој не го крие својот геј-идентитет, идејата „да се среди" за соговорникот С. е можна само надвор од границите на државата, каде што би создал сопствен дом што го гледа како лична сопственост, која и двајцата соговорници ја доживуваат како обезбедување за „старост" и како гаранција за „слободен" живот.

> *С.: ...Тоа е пример работата, да си имаме нашиот сопствен дом, значи, наше. Начи сами. Начи... Н.: Обезбедени за старост. С.: Значи и ќе можат, значи пријатели да ти доваѓат... пријатели, како шо е он геј, значи јас ги имам многу, ги сакам пример пријателите, додека тука кај мене не може, ме разбираш, дома не може да ми доаѓат, да ми... нормално на гости. Јас кај него, тој кај мене, значи тогаш да сме слободни, значи тој да си доаѓа кај мене со партнерот, јас да одам кај него со мој партнер... Значи таја слобода многу е тоа добро, тие ние шо го сакаме. Значи како една женска шо се чувствува нели со дечко, кај колешка, па колешката кај неа... значи, тоа ние не можеме да го прајме тука. Не можеме. Затоа сме многу разочарани, не знам, не знам тоа чувство како да ти го објаснам. Н:. Нема вака екстра како ти, другите не сфаќаат, не ја сфаќаат работата. Утеха ти дава, тука се луѓево вулгарни, недисциплирани како шо кажа, значи немат свое да. Ние сме веќе таа... вид као нежен пол се рачунаш више, нежен пол значи* (VN850122, 2013).

Она што е во контекст на разбирањето на личната слобода, што видовме во примерите погоре, е можноста *сестрите да се носат послободно*. Што значи тоа за Е., се гледа низ идентификацијата со неговата *сестра* П.

*Е.: Не, таја, многу е... онака, лична е... Б.: Она послободно се носи. Има своја слобода. И.: А, зашто има слобода? Е.: Ти да ја гледаш, еве отвори...* (нејзин фејсбук-профил) *па што ќе видиш, не можеш да го познаваш дали е маж, дали е жена. И.: Тој е сега странство, рековте? Е.: Сега ќе си дојде таа. Дваести, па ќе се видиме. Иначе, таја е... млогу, со мене, млогу сме добри другарки. Б.: Као турист замина. Е.: Таја ме, и со Бане се дружам, ама таа ми е верна другарка. Од сите... И.: Многу блиска? Е.: Да, многу, ептен. Не знам што... Б.: Како од една мајка да се. Е.: Млогу, ептен сме. Затоа млогу сум. И затоа не можеме... и таја многу им има, вака, помагано со алишта... Што ќе си купи за себе и за мене. Ние све дваjца исто носиме. И.: М-хм. Ќе ти донеси од странство. Е.: Да. И.: Колку време е во странство? Е.: Сега замина. Има месец, можда нема месец. Сега таја кога ќе дојде, па многу ќе шетам со нејзе. И Битола, и Прилеп... Кај да не одиме со неа* (VN850127, 2014).

Од примерот на соговорникот Е. може да се забележи дека тој преку наративот за нивната „блискост“ се идентификува со својата *другарка* што започнала да ја реализира нивната идеја „да се средат“ во Италија со тоа што како турист ги посетува „сцените“ и нуди сексуални услуги. Идејата да мигрира за да се започне со работа во странство, но и да се копираат трендовите во сексуалната работа може да се забележи кај сите соговорници. Преку примерот на соговорникот Е., која во поглед на сексуалната работа се огледа на примерот на *постарите сестри*, особено на најблиската П., можеме да дојдеме до согледување на половиот/родовиот идентитет на поединецот Ром што во Италија се занимава со сексуална работа „како жена“ – *автостоперка*.

*И.: А, дали... дали некогаш си размислувала за промена на полот? Е.: Да. Јас многу сум имал мерак, значи да имам и цицки. Б.: Гради. Да биде ко* (неразб.). *Е.: Да, де. Па, озбилно, сега шо? Значи, млогу сум имал мерак да имам цицки. Тоа уште, уште го имам мерак. Само да имам цицки поради... и това е убаво да имаш цицки. И.: Само цицки? Е.: Па, цицки да имам, да имам вистинска коса моја голема. Да бидам аутостоперка, значи, да одам да се ебавам за пари. Тога полична ќе бидам. Значи, многу е тоа полично да бидеш, бидејќи повеќе клиентите ќе ги задоволиш со тоа. Значи, тоа си имам мерак ја* (VN850127, 2014).

За потребите на италијанскиот пазар, *сестрите* од ромската заедница од Скопје гледаат потреба да направат промена на полот до мера да се здобијат со големи гради – „цицки“ и „долга коса“, како идеални телесни маркери што, според нивно видување, ќе придонесат *автостоперката* да им пружи поголемо сексуално задоволство на *клиентите* и да ја одржува личната „женскост“ во рамките на сексуалната работа во Италија, независно дали има или не „машки“ телесни карактеристики.

> *Л..Има една, во Италија живее она, но доаѓа тука. Она е права транвеститка, значи, права транвеститка. Има гради, а доле не е направена операција, само гради има, значи, на нејзе, значи... Е, она е во Италија, она во Италија си живее. Таму работи, доаѓа тука, значи, само летен период и работи „на страда". На улица. И.: На страда? Л.: Страда, на италјански страда – улица ја викаат они, тоа. И работи таму, на улица. На автопат. Работи... Во Италија, да, каде што нуди сексуални услуги* (VN850124, 2013).

Ова за нив, посебно за соговорникот Е. претставува можност да се чувствува и да работи „како жена" без да мора да подлегне на оперативни реконструктивни интервенции, што му нуди можност да живее без опасност дека некогаш може да се покае за она што го направил. Таа можност му ја нуди сексуалниот пазар во Италија. *И.: Аааа... шо правиме со машкиот дел? Е.: Тоа во Италија нема врска, дали имаш машкиот дел* (VN850127, 2014).

Во контекст на идеите на соговорниците, „сцената" во Италија се потврдува како важна за поединци од ромската заедница во Скопје. Но, авторите уште во деведесеттите години на минатиот век пишувале дека „сцената" во Италија спаѓа меѓу најзначајните европски, но и светски „сцени" на сексуална работа. Дека Италија е една од најзначајните локации во европската, но и во светската пазарно организирана сексуална работа на „кросдресерите", „трансвеститите", зборува и авторот Кулик (Don Kulick) во своето капитално дело од 1998 година „*Travesti...*", а кое се однесува на периодот на доцните осумдесетти години на минатиот век. Тоа бил периодот „откако Франција станала затворена за проститутките трансвестити" (Kulick 1998: 166), по што центарот на трансвеститската проституција се преместил во Италија. „Италија денес е исто што била Франција во раните 1980-ти. Секој ден, голем број трансвестити со повратен билет го напуштаат Бразил за Брисел, Франкфурт или Виена, на крајната дестинација Рим, Милано или Ценова... голем број трансвестити ја напуштиле државата за да работат во Италија. За некои трансвестити Италија е исто што и Ел Дорадо за шпанските освојувачи на Новиот Свет. Тоа е земјата на замисленото богатство за кое тие патуваат, со цел да создадат свое, да се вратат со доволно пари и да го реализираат својот сон. На бразилските граѓани не им е потребна виза за Италија како туристи, но трансвеститите сметаат дека ќе бидат депортирани доколку се обидат во државата да влезат отворено (како *travesti*). Затоа тие секогаш патуваат во други европски градови каде што се прилично сигурни дека можат да влезат без тешкотии. Сепак, поминувањето интернационални граници со пасош под машко име секогаш е стресно за трансвеститите со гради, кубани веѓи, долга коса... Повеќето трансвестити се обидуваат да го поминат ова патување како мажи, носејќи долги панталони, без шминка, со машка кошула и бејзбол-капа во која ја ставаат својата коса" (Kulick 1998: 166–168). Ова значи дека работата на овие „сцени" подразбира размена на информации за сексуалната работа и нејзина комерцијализација на глобално ниво, а од наративите на соговорниците може да се

забележи дека патот да се стигне до овие „сцени“ е многу долг и, без поддршка на едни со други, речиси невозможен.

### Стереотипи. Насилство

Како важен аспект во глобализациските процеси на сцената во Шутка, кој по својата опфатност е исто така влијателен и придонесува сексуалните работнички да мигрираат за „да се средат“ во европските држави, е „улогата на државата“ (Altman 2001: 34) и односот кон оваа категорија работници во општеството, по вертикала, одозгора – надолу, преку нејзината системска негрижа за нивниот статус во општеството, односно преку нивно системско игнорирање.

Во навратите на искажувањата на соговорниците во кои се зборува за „отворените сцени“ до 2013/2014 година, може да се забележи дека посебно место има сцената во Шуто Оризари, која обединува неколку ромски населби, македонски и албански скопски населби, па дури и други градови во Македонија. Видовме дека соговорниците, и од *постарите* и од помладата генерација, во неколку наврати во нивната работа на отворените сцени како значаен период го истакнуваат периодот пред 1999/2000 година и периодот пред и потоа, според нивите информации, кога се забележува *локализирање* на сцените и разбивање на големите формации сцени во помали по населбите по етничка основа, па, така, ромските сексуални работници се повлекле со својата работа во рамките на ромската населба. Така, на пример, во периодот околу 1986 година, на почетокот на сексуалната работа на соговорникот Н., тој бил активен на отворената сцена „а...“ во центарот на градот Скопје, но подоцна, поради страв од насилство од одредени групи, тој се повлекол со работа на отворена сцена во Шуто Оризари.

*Н.: Па негде од 16 години мои. Така јас повеќето се дружев во центарот од градот, таа насока се движев, значи стрикно со македонски пријатели. Имав еден свој Ром пријател. Таму често се движевме во стара железничка, околу Гоце Делчев мостот, значи повеќето места кај шо бевме, ги посетувавме Стара автобуска станица која беше... И.: Тоа ви беа точно определени места каде шо се движевте? Н.: Да, да. Таму се движевме затоа што наоѓавме мислам клиенти, обично клиенти таму имавме порано, кај шо е сеа црквата оваа новата кај... Богородица, е па таму имаше нели наводно тие вециња таму, слободни, не значи тоа вециња, туку вака си шетавме значи околината... С.: Тука беа, местото. Н.: Местото кај што се движевме, тоа значи, беше слободно, таму беше друкчие. С.: Си си најдоа муштерии. Н.: Имавме и другари... Со другарите, да, значи таму се наоѓаме и после се оделуваме, секој си има свој клиент, пак си е не знам што – како да го нарекувам, можи*

*и озбилна врска, тоа време се има. И.: Со тој другиот Ром што беше или...? Н.: Да, да. Тој е сега во Германија...* (VN850121, 2013).

Во периодот пред распадот на СФР Југославија во 80-тите години до 2000 година, соговорникот Н. зборува за интересен пример што ја отсликува ситуацијата со сцените за секс во Скопје, каде што ја детектира главната причина тие да ја поместат сексуалната работа од центарот на Скопје во нивната населба Шуто Оризари. Според неговото кажување, тој своите клиенти ги барал во „друштво“ што функционира на сцената, најчесто со истата група од четири-пет Македонци и Роми, сè додека не се појавиле групи што ги „тепаат“ по искористената услуга или ги тепаат да им ги одземат личните работи, меѓу кои парите што ги заработиле и материјалните работи што ги примиле како надоместок за услугата. Поради зачестувањето на ваквите ситуации со тие групи корисници на услуги, соговорниците почнале да се плашат да работат на таа сцена.

*Н.: ...тоа беше 86-та година, четврти ден Ѓурѓовден, сите мои дома слава, ја бев у град тепан од Албанец, дури заб ми скрши, значи бев у кома, значи во несвес ме падна... Се одалечи од мене тој у моментот, и овој ме пречека значи, прво ја заврши работата, значи секс имав со него нели, и после тоа ме натепа, не знам што мавал, ама имал другари, ги викнал... јас му пријдив, му се доближив јас, а не знаев што функција, и многумина се претставуваат со лажни легитимации, полицајци, сфаќаш, а си ги вршат услугите значи, сексуалните услуги. Јас тој ден му се доближив, значи. Слободен? Слободен. И он уживал на тоа, сфаќаш? Се согласил. И сеа, ти го напраив ќефот, се согласив, тргни се, ко што има некој други, дури и фала, пријатно, ќе се видиме, дури и разделуваме телефони, едно-друго пример, ама овој бил... не знам, ѓавол кај него влегол тој ден, тоа шо ми го направи. И.: А од кај дошле тие другите, шо му помогнале? Н.: Па преку телефон, телефон, они таму се вртат за да крадат од нив пари или не знам, да ги плашат, сфаќаш, и ќе дадеш пари за да се ослободиш, сфаќаш? Можеби некој ги научиле така* (VN850121, 2013).

Ваквите зачестени ситуации на сцената, особено во периодот на конфликтот 2001 година, придонеле одредени припадници од групите Албанци да бидат тие што на отворените сцени моите двајца повозрасни соговорници ги доживуваат како „најпроблематични“.

*Л.:..Албанците се најпроблематичните... Не знам, значи, не го знам ни јас тој проблем. Зашто, дали самите луѓе се кријат себеси, не сакаат да се откријат дека уствари се они тоа што се. Ме разбираш? И доаѓаат и те напаѓаат. Најголемиот проблем, значи. Јас до сега немам сретнато проблем, да ми речат: „Ме тепал Ром“. Од Роми можеш да*

*бидеш малтретиран, од Роми корисници на дрога, само. Што немаат пари во моментот, те начекуваат навечер сам, во кризи, ќе те изималтретира, ќе ти земе еден телефон, ќе ти земе пари... само да си ги преброди кризите. А, кај Албанците не знам зашто е толку голема хомофобијата во нив. Зашто има толку голема хомофобија, одбивност према хомосексуалците. Врска и поим си го немам тоа. Зашто го праваат тоа они. Они се јаки кога се група. Кога е еден сам ништо нема да ти направи, али кога се пет-шест души или десет души, рачунај дека тогашка ќе бидеш нападнат. (...) Тинејџери. Сите беа тинејџери. И.: Како... како знаат декаа...? Л.: Таму стојат, значи, на терминалот стојат комбиња. Порано стоеја комбиња, пошто сега више воведоа автобуси, такви работи, за селата К..., за тие села, албански села, после С..., натака. И тука се собираат, значи, тука им е постојката, си се качуваат* (в) *комбе и си одат. Но, шоферите што ги возат комбињата знаат што се случува тука. Значи, на самиот терминал. Те гледа, денеска поминуваш, утре поминуваш, задрутре поминуваш, нонстоп се вртиш во тој круг и нормално, стануваш сомнителен и ти светнува сијаличката што се случува тука. И самите луѓе исто. Денеска доаѓам од работа, чекам во пет саат, те гледам поминуваш. Утре пак те гледам тука ми се вртиш, нормално нешто испаѓа сумњиво. Мене кога ме нападнаа, ме нападнаа тинејџери на свое од петнаесе до осумнаесе години имаа децата. Ми дојде првин еден, почна да иде еден, а позади ја гледам групата, и како што иде он, позади него иде групата, ама се свртев, патиките ми лупаа тука у главата, да бегам што побргу. Да беше еден-двајца, немаше да ми биде проблем, ама дваесе души! Шминкана ќе бев, трајна шминка за цел живот, нема потреба да се шминкам после ја. Е, тоа е со Албанците* (VN850124, 2013).

Во случајот со Албанците, најголем проблем соговорниците имаат кога треба да одат на работа и да поминат низ населба во која мнозинското население е од албанската заедница, каде што најчесто поминуваат во голем страв дека ќе бидат забележани дури и да се движат „стабилизирано“.

*Л.: И најчест проблем, исто во... да поминеш, да те приметат дека си геј, одма ќе пиштат по тебе. „Педер! Че педери!“ „Че буљаши!“ Демек: „Еве педер“. „Че буљаши!“ И одма, дали со камен и било со што... Еве, на пример, кај што се собираме во еден Центар во..., двајца геј луѓе, двајца геј луѓе од Шуто Оризари беа нападнати со камен само што беа препознаени дека се хомосексуалци. Дека се геј. И.: Од кого? Л.: Од самото население што живее таму. Од локалното население што живее во..., исто тинејџери. Со повозразните немаш никаков проблем, али со децата! Дали тоа е домашното, сепак до домашното воспитување кај децата, па... да те напаѓаат, не знам. Тоа се пак тинејџери од некои петнаесе, шеснаес... Фрлаат со камења или физички може да те нападне,*

*да ти дојде шамар да ти удри или бокс да ти удри. И.: Често се случува тоа? Л.: Па, не баш често. Они го прават тоа ко ќе те приметат дека си стварно тоа. Ме разбираш? И затоа, на пример, ние се трудиме со тоа да им докажеме, на пример, на тие што ептен се препознаваат дека се геј, да си фатат кола и да си дојдат со кола до самата врата да ги остави, заради нивната безбедност. Пошто ти не можеш да им гарантираш безбедност на улица. Да си дојдат со кола до вратата и да си влезат слободно* (VN85012, 2013).

*Н.: ...Така да, многу им раскажувам на помладите така како што се со мене, као што сум јас, геј, ги советувам овие, им давам совет, значи да се пазат. Значи, многу е страшно и болно. Затоа што то време, другчие нѐ ценеа, мене лично, мислам и другите, ова време сега е многу, сега е опасно од страна на Албанци... И.: Во која смисла, зошто? Н.: Затоа што нѐ мразат, значи како ја добиле она слобода, слобода ја добиле. Порано Албанците немавме такви препречки. Ете кај шо е Центарот. О..., таму меѓу Албанците влегуваме, значи во петокот бев со него, со камен, дете мало, тап у глава ме удри. И големите фрлаат значи... баш за маскембал, јас веќе со штиклите знајш, коа почна да провоцира, немам зборови. Значи стрикно местото многу е лошо, многу е лошо. Метак сме ние за Албанците, гејците што сме ние, стрикно Роми или не знам што, не можеш со нив на крај. Еве нека каже С. Исто и тоа го, се случува секому и женските ги малтретираат некогаш. Фрлаат камења, провоцираат. С.: Повеќе он сака да кажува за околинава тука шо се. Тука кај Центарот за вакви... И.: Е па како знаат тие? Од кај знаат? С.: Пошто околинава си знаат кој живее, како живее, кој си живее во околинава. Н.: Дознале дека... од самите мислам жените шо се... И.: За жените знаат, ама за гејовите од кај знаат? Н.: Е па една година веќе се знае дека идеме таму... С.: Центарот је наменет за сексуални работници, и луѓево од околинава знаат веќе кој доаѓа тука... Тоа го приметив откако... стана многу агресивни, као ѓаволот у нив..., и кај Албанците, освен кај Ромите, и Албанците станаа многу... лошо. Лошо. Значи неќна петокот, камен тука* (покажува на главата) *ме погодил, јас по него трча, бега детето... Ќе ти станат големите, ќе ти... они не разбират, ниту мислат за полиција, ниту мислат за сѐ. Може полошо да биде. Ете тоа е. Значи сѐ додека влегуваме во тој Центарот, само брзаш ваму-таму, се пазиш, колку да скратиш навака-натака, пак некако мора да влезеш до Центарот. А тоа го направија за жените да... поблиску да им е до работата* (VN850121, 2013).

Од искуството од периодот што соговорниците го идентификуваат како најнасилен, она што им го даваат како совет на „геј"-поединците што работат сексуална работа и го посетуваат тој Центар е да ги контролираат телесните движења и, кога поминуваат низ населбата, да се движат „стабилизирано". *Л.: А, тие што*

*идаат пешки, значи, да идат малку постабилно, да се стабилизираат за да може да поминат. И.: ...Шо значи тоа „да се стабилизира“? Л.: Да идеш нормално, значи да не се кршиш, да не ги пока... да немаш гестикулации такви, да почнуваш со рацете да пафташ, да правиш нешто, не знам. Да бидеш онака малку поприбран, додека поминеш само покрај нив* (VN850124, 2013). Поради вака создадениот „страв“, и покрај потребата од заработка и отвореност кон етничката припадност на клиентите, соговорниците сепак се одлучуваат да прават селекција во изборот на *дечковците и клиентите*.

Но, тоа не е случај со соговорникот Л., чии *клиенти* и „геј“-пријатели се „од другата страна на Вардар“, а неговата последна двегодишна љубовна врска била со *дечко* Албанец. Како што може да се забележи од примерите, она што е специфично за соговорникот Л. е тоа што тој избегнува да бара *клиенти* во ромската заедница во Скопје, таму каде што ги бара своите *дечковци*, за разлика од соговорниците Н. и С., кои и *дечковците* и сексуалната работа ја организираат само во рамките на ромската заедница.

> *Л.: Значи независно, мене не ми се битни нацијата, не ми е битна верата, не ми е битно тоа значи, воопшто, можам да се дружам со секаков народ. Воопшто не ми пречи дали е Македонец или Албанец или Босанец, Турчин или не знам од Арабија или не знам од каде. Ако е човек за мене, ќе биде он човек за секого. Немам предрасуди, на пример, против никого, апсолутно против никого. Ниту против сексуални работници, ниту против корисници на дрога, ниту против геј, ниту против луѓе што идат, што работат, на пример, што идат што крадат да си опстанат за животот. Немам предрасуди спрема никој човек. Ако ти, на пример, си со мене добар, се понашаш со мене како што треба, ти ако сакаш биди, не знам, и претседател или било што, јас ќе те гледам па како човек. Нема да те гледам што работиш или каков ти е статусот уствари твој* (VN850124, 2013).

> *??: Дали некогаш ги избираш твоите партнери, Македонец, Ром, Шиптар...? Дали тоа ти е важно? ??: Па да, ги бирам. Искрено да ти кажам повеќе одам со Роми, а со Шиптари помалку. ??: Зошто? ??: Па се плашам од Шиптарите да бидам со нив. ??: Зошто се плашиш? ??: Па не знам што може да ми напраат, има гадни Шиптари, а со Ромите сумпослободен бидејќи и јас сум Ром* (Архив на ИЕА, DEM_569_2006/2007).

Но, со текот на времето, со силно изразените глобализациски процеси, и на сцената во ромската заедница во Скопје може да се забележи дека стереотипните претстави за Ромите во поглед на сексуалната работа се менуваат, особено во поглед на изнаоѓање *правилни мажи*.

*Л.: ...има исто Роми што Македонци доаѓаат, ги плаќаат Ромите да имаат секс со нив. Мажите фактички, Македонците ги плаќаат мажите Роми да имаат секс на пример како со мене, со пасивни луѓе. ... На пример јас сум сега, доаѓам во Шутка со кола, ми се свиѓаш ти, ајде дојди со мене, еве ти колку пари бараш ти мене да ме ебеш, ти ми викаш 500 денари, еве ти 500 денари дојди со мене. И.: Тоа често се случува? Л.: Охоо, отиди во Шутка маци, секој божји ден ги има* (VN850124, 2013). *Н.: ...се среќаваме со македонските ѓеjци, они не можат да најдат на исправни мажи, на правилни мажи, они идат како нас, да се дружиме, да си збориме* (VN850123, 2013).

Другиот важен аспект се однесува на рамнодушноста на државните институции кон прашањето на „заштитата“ на сексуалните работници како „жени“ во определени ситуации.

*Л.: ...имало ситуација каде што бев силуван од други особи, од две малолетни и еден возрасен. И.: Како се десило тоа? Л.: Тоа беше у Шутка, во Шуто Оризари. Навечер беше, 1 саат. С. ме чекаше дома, јас да си дојдам дома, и еден пијан човек, а јас него го знам уствари, предходно ме малтретираше, мора ти да бидеш со мене, мора ти да бидеш со мене, а јас нонстоп го одбивав – не, не, не, не, не, не, не... И таа вечер пијан, ме начека на улица, сам, зимно време, 1 саат навечер, живо пиле нема на улица. Ме начека пијан, со сила ме одвлече во, горе на едно место во Шуто Оризари, кај еден ресторан, им се јави на плус уште две деца да дојдат, дојдоа и тие две деца. Два саати бев малтретирана до несвес. Мислам физички не, али сексуално бев малтретирана многу. После тоа, сама отидов значи да го пријавам случајот во полиција, се консултирав со адвокат, но адвокатот уствари ме запре, ми кажа уствари дека има две лица што биле малолетни, во тој случај и они може да се одбранат на тоа демек он сакаше, демек ја сум сакал, и затоа они пристапиле со мене да дојдат. И.: А кој ти кажа така? Л.: Адвокатот. Пошто јас на адвокатот, седнав и со адвокатот, многу убаво му го објаснив случајот дека две лица, едното имаше 14 години, другото 15 години, и прво сакавме да направиме дека само тој возрасниот шо е полнолетен, само он, само него да го тужам, уствари, да поднесам тужба против него, но он може да суд да каже, извини, јас не бев сам, беа две деца плус со мене, ме разбираш, и да испадне тоа уште поголемо, овие се малолетни, и што доаѓа, што кажа адвокатот, може тебе да те осудат, на основа што ти си хомосексуалец, нема да ти веруваат дека те силувале, они може да кажат дека ти си ги натерал нив да дојдат, да имаат однос со тебе, а Ромите, ние Ромите сме уствари такви, ако му дадеш 200 денари, 300 денари они на коњ се...* (VN850124, 2013).

Ваквите ситуации во кои се најдуваат голем дел од сексуалните работници се причина соговорниците да почнат да се плашат да доаѓаат во „директен" контакт со непознати луѓе, според нив потенцијална опасност. Но, во овие неколку примери се зборува за тоа дека соговорниците се обиделе да реагираат во полициските служби со пријавување на овие случаи, кои се без завршница. Особено е показателна индолентноста на институциите во вториот пример на соговорникот Н., кога насилно му биле одземени личните предмети и имало елементи на обид за убиство. Државните полициски служби не само што не се огласиле да дојдат до решение за случајот туку тие не се обиделе ниту да го намалат „стравот" кај соговорниците дека во друга ваква ситуација ваквите случаи ќе бидат спречени или решени, а тие заштитени. Во одредени случаи, некои од службениците биле дел од тие што го поттикнале „стравот", како единствена опција да се контролира просторот каде што се вкрстувало движењето на сексуалните работници и на службените лица.

*??: Дали си имал непријатна случка со полицијата поради определбата што си геј? ??: Сум имал. Не со полиција, но со алфи, и тоа два пати ми се случило мене. Вториот пат беше онака, но првиот пат, таму горе кај нас, седевме цело друштво и сите бевме педери. ??: Што правевте таму? ??: Па седевме и си ги чекавме своите муштерии. ??: Тоа е место каде се собирате? ??: Да. Оддалеку видовме еден автомобил кои беше со алфи, нѐ осветлија со фаровите и излегоа од колата. Ни побараа лични карти, а јас имав тогаш шеснаесет години и им кажав дека сум малолетен, и ме прашаа: „Што си ти, женско петле?" А јас им одговорив: „Јас сум геј". Ми вратија: „Аааа, геј си!?" ??: Што се случи потоа? ??: Па ништо, се тргнаа од нас и си заминаа. Но вториот пат многу ме понижија и се почусвував навреден. ??: Дали те малтретираа? ??: Па во втората случка што ја имав, само јас бев геј од друштвото, и кога испративме еден геј другар, останавме јас и двајца хетеро другари. Си одевме одозгора кога помина една кола на алфите, застанаа и гледаа накај мене. „Што си бе ти, педер?" – ми рекоа, а јас одговорив: „Не ме гледате што сум?" „Па ти на женско личиш." Па јас им кажав: „Јас сум педер". „Ааа, педер си, сакаш сега даползиш?" Јас само го погледнав и го прашав: „Зошто да ползам?" И почнаа да се смеат, ќезат. Јас си ја затворив устата и премолчев. Ми побараа лична карта, на што им одговорив дека на дваесет и втори октомври ќе полнам осумнаесет години, дека ќе одам да извадам, но, да ти кажам, и сега немам лична карта. Почнаа нешто да се исмејуваат со мене, не знам колку ме задржаа, и моите другари соседи почнаа да ме исмејуваат исто така пред алфите, и еден од алфите праша: „Зошто вашиот другар го исмејувате, нели е грева? Сигурно некој од вас идат со него?" А тие се вадеа дека никој не иде со мене, не знам... толку глупости се изнакажаа меѓу нив и потоа ми кажаа дека сум слободен и си заминав* (Архив на ИЕА, ДЕМ_598, 2006/2007).

Ваквиот однос на институциите придонесува сексуалните работници што ги користат „отворените“ сцени да се мобилизираат во барањето поинакво решение во нивната работа. „Стравот“ кај сексуалните работници и задоволството како спротивно емоционално доживување се доживуваат како две емоционални димензии што сексуалната работа, а со тоа и сексуалноста, ја држат во сферата на колективната „интимност“ на ромската заедница за која не се зборува во јавност.

**Заклучок**

Една од можностите што ги нуди економизираниот концепт на „сцените“ е да се реализира претставата на сексуалните работници „да се биде среден“, која се потврдува низ различни аспекти од себството – кои се во однос со половиот/родовиот идентитет на соговорниците, нивната економска моќност видена низ личната сопственост во странство и во Македонија и доживувањето на личната слобода, што се гледа како нешто спротивно од начинот како живееле соговорниците до моментот. Па така, по примерот на постарите *сестри*, и под влијание на неорганизираноста на државниот систем одозгора, овие поединци се притиснати и одвнатре во заедницата и однадвор да размислуваат да се иселат за да продолжат со работа надвор од Македонија. Идеите што во текот на истражувањето беа изнесени во 2013 година од соговорниците, во 2022 година кај поголем дел од нив се веќе реализирани.

**Извори**

АИЕА. 2006/2007. Проект: Мапирање и студија заснована во заедницата за адолесценти кои се под најголем ризик од ХИВ/СИДА СПИ, интервјуа со МСМ и АНСУ, ромска заедница.

АИЕА, 2013/2014. Проект: Антропологија на сексуланоста: родовост и промена на биолошкиот пол, интервјуа со мажи - сексуални работнички, ромска заедница вои Скопје.

**References**

Agathangelou, Anna. 2004. *The Global Political Economy of Sex Desire, Violence, and Insecurity in Mediterranean Nation States.* New York: Palgrave MacMillan.

Kulick Don. 1998. T*ravesti, Sex, Gender and Culture among Brazilian Transgendered Prostitutes.* Edited by Herdt Gilbert. Chicago: University of Chicago Press.

Agustin, L. M. 2007. Questioning Solidarity: Outreach with Migrants Who Sell Sex. *Sexualities* 10 (4): 519–34.

Altman, Dennis. 2001. *Global Sex*. Chicago and London: The University of Chicago Press.